РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-984
08.05.2018 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
СКОПЈЕ

| Примено: 16.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 260/3 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/12 од 19.04.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-984 од 24.04.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-378/2 од 04.04.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-984 од 30.04.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 02.05.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-984 од 03.05.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**проф. д-р Рената Дескоска**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити